**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 7 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 38 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), Градоначалникот на општина Гевгелија распишува:

# КОНКУРС

за финансирање програми и проекти
од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2022 година

## I

За остварување на јавните потреби од областа на културата, Градоначалникот на Општина Гевгелија распишува Конкурс за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2022 година.

Културните дејности, програми, манифестации и финансиските средства за нивна реализација се утврдуваат со Годишна програма и со Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година.

## II

На Конкурсот имаат право да учествуваат: уметници, самостојни уметници, установи од областа на културата, здруженија на граѓани, фондации и други физички и правни лица, регистрирани во Република Северна Македонија за дејности од областа на културата, согласно Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Северна Македонија.

## III

Општина Гевгелија ќе учествува во финансирање програми, проекти и активности согласно законската регулатива и Правилник за начинот, постапката и критериумите за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија (www.gevgelija.gov.mk).

## IV

Апликантите, покрај пријавата, задолжително треба да ги достават следните документи:

- Документ за регистрирана дејност, издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија (освен јавни установи основани од Општина Гевгелија);
- Референтна листа на реализирани проекти;
- Изјава или договор со сите учесници во проектот;
- Рецензија потпишана од рецензентот која треба да се однесува на содржината на проектот. За дебитантските книги се потребни 2 рецензии (за проект од областа на литературната дејност);
- Потврда за отворена и активна жиро-сметка;
- Други документи (покани за учество на фестивал, препораки, меморандуми за соработка и сл.).

**V**

Пријавите (апликациите) задолжително се преземаат од официјалната веб-страница на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk. Пријавите со потребните документи треба да се достават до Општина Гевгелија преку пошта на адреса: ул. „Димитар Влахов“ бр.4, Гевгелија или во Архивата на Општина Гевгелија, најдоцна до 16:00 часот на последниот ден од завршувањето на Конкурсот, со назнака **„Конкурс за финансирање програми и проекти од областа на културата за 2022 година“.**

Апликантите **задолжително** да ги доставаат пријавите и по електронски пат (Word форма) на следнава e-mail адреса: petarjancev@yahoo.com.

**VI**

Конкурсот ќе трае од 19.11.2021 година до 18.12.2021 година.

Нема да бидат разгледани следните пријави: доставени по истекот на рокот, пополнети на несоодветен образес и со непотполни податоци и без документација која задолжително се бара.

**VII**

Резултатите од Конкурсот ќе бидат во вид на Програма за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2022 година која ја носи Советот на Општина Гевгелија, а ќе биде објавена во Службен гласник и веб-страницата на Општината.

Дополнителни информации можат да се добијат на тел.: 034/211-211.

Градоначалник
на општина Гевгелија
Андон Сарамандов

Бр.14-1739/1
18.11.2021 год.
Гевгелија